

# ДЛУМ 2023

**Годишна изложба на Друштвото на ликовни уметници на Македонија**

Годишна изложба на Друштвото на ликовни уметници на Македонија - ДЛУМ со секое ново претставување дава исклучителна можност за запознавање со ликовната продукција на најголемиот број членови во тек на последната календарска година.

*„Желбата на ДЛУМ е да даде шанса на сите членови да го изложат она што го работат без селекција, што претставува и повик за самокритичност, себе-промоција и квалитетно претставување.“*

Дијана Томиќ – Радевска
Претседател на Уметнички совет на Длум, март, 2023 г.

Ова групно претставување ја прави изложбата потполно хетерогена, со обединувачки карактер виден во дефинираната временска рамка и разновидноста на изложените ликовни дела како носечки концепт.

Значењето на оваа изложба се согледува најдиректно во ликовно – историски контекст, бидејќи со неа се овозможува преглед и разбирање на тековните интереси и активности на членовите на ДЛУМ. Таа е неселективна, со цел да ги прикаже актуелните ликовни стилови и техники, како и да им овозможи на сите учесници, членови на ДЛУМ јасно согледување на своето место во ликовниот простор на Македонија.

Колекцијата на дела обединува разновидна група уметници кои ја истражуваат длабоката врска помеѓу стадардните стилови и ликовни техники, преку актуелните нови трендови со употреба на современи визуелни изразни средства, како и во дела со концептуални и интердисциплинарни содржини. Следејќи го овој аналитички дискурс, јасно е дека изложените дела навлегуваат во повеќе меѓусебно поврзани реалности каде што границите помеѓу физичкото и метафизичкото се преиспитуваат со јазикот на боите, формите, линиите....
Оваа година уметниците ја доведуваат во прашање природата на самата реалност и нејзината индивидуална перцепција. На тој начин, посебноста на секое дело е да понуди единствена перспектива на овие теми.

Од традиционално сликарство до извонредни дигитални искуства, изложените дела на членовите на ДЛУМ предизвикуваат и инспирираат на промислување на актуелните предизвици и со самото тоа повикуваат на одговорно и активно делување на публиката во сите сфери на општествениот живот.

На овој начин, ДЛУМ го потврдува капацитетот на ликовните дела на своите членови постојано да иницираат квалитетна акција во поширок културен, филозофски и социјален конекст.

Со почит, ДЛУМ



**Слободан Милошески**
„Пресоздавање“, 2022
метал, 58,5x41x39



**Татјана Миљовска**
„Внатрешно Сонце”, 2022
масло на платно, 130x100

Издавач: Друштво на ликовни уметници на Македонија
За издавачот: Друштво на ликовни уметници на Македонија, Јана Манева - Чупоска
Уредник: Јана Манева - Чупоска
Графички дизајн: Илиана Петрушевска
Фотографии: Од документацијата на авторите
Печатница: Ројал Арт
Тираж: 100
Скопје 2023

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.036/038"55"(497.7)(06.064)

ГОДИШНА изложба на ДЛУМ 2023 : мултимедијален центар Мала станица,
01.11.2023 / [уредник Јана Манева - Чупоска ; графички дизајн Илиана Петрушевска]. - Скопје : Друштво на ликовните уметници на Македонија, 2023. - 38 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-797-50-7

а) Современа уметност -- Длум -- Анале -- Македонија -- Изложби

COBISS.MK-ID 62296325

ДЛУМ
Друштво на ликовни уметници на Македонија
DLUM
Association of Artists of Macedonia

Republic of North Macedonia
Ministry of Culture